Република Северна Македонија
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

Бр. 11

29.07.2026

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

***З А К Л У Ч О К***
***за објавување на Одлуката за издавање под закуп на недвижен имот-индивидуален станбен објект во с.Зашле, сопственост на Општина Демир Хисар***

1.Ја објавувам Одлуката за издавање под закуп на недвижен имот-индивидуален стамбен објект во с.Зашле, сопственост на Општина Демир Хисар, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.07.2026 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-721/1 Општина Деми Хисар**
**29.07.2026 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 3 став 2, член 36, член 38 и член 40 став 2 алинеа 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15 и 190/16 и 21/18 и „Службен весник на РСМ" бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), како и член 36 став 1 точка 10 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24 ), како и член 43 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 и 10/19, 7/21 и 21/23), советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 27.07.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За издавање под закуп на недвижен имот-индивидуален станбен објект во с.Зашле, сопственост на Општина Демир Хисар**

Член 1

Се издава под закуп недвижен имот-индивидуален станбен објект во с.Зашле, сопственост на Општина Демир Хисар.

Член 2

Предмет на закуп е недвижен имот евидентиран на КП бр.346, КО Зашле-индивидуален станбен објект со површина од 101 м$^2$, запишан во Имотен лист бр.80, во сопственост 1/1 на Општина Демир Хисар.

Недвижниот имот се издава под закуп на Светислав Апостолов, со адреса на живеење Бардовци ул. 6 бр.306

Меѓусебните права и обврски на договорните страни подетално ќе се уредат со Договорот за закуп кој ќе се склучи за период од 8 (осум) години, со можност за продолжување.

Член 3

Недвижниот имот се издава под закуп по месечна закупнина во износ од 15.011,00 денари, определена од овластен проценител согласно Законот за процена.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-690/3Совет на ОпштинаДемирХисар
27.07.2026 година Претседател
Демир Хисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

***за објавување на Одлуката за давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2027 година на Општина Демир Хисар***

1.Ја објавувам Одлуката за давање на согласност на Годишен план за вработување за 2027 година на Општина Демир Хисар, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.07.2026 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-721/2 Општина Деми Хисар**
**29.07.2026 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 20 б став 1 алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/18 и Службен весник на РСМ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 27.07.2026 година донесе

**О Д Л У К А**

За давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2027 година на Општина Демир Хисар

Член 1

Советот на Општина Демир Хисар дава Согласност на Годишниот план за вработување за 2027 година на Општина Демир Хисар со архивски број 13-688/1 од 17.07.2026 година.

Член 2

Годишниот план за вработување за 2027 година на Општина Демир Хисар со архивски број 13-688/1 од 17.07.2026 година, изготвен од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар, влегува во сила со денот на давањето на позитивно мислење од страна на Министерството за јавна администрација.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука се: Образец за годишен план за

вработување кој е пропишан од страна на Министерството за јавна администрација.

Член 4

Оваа Одлука се доставува до Министерството за јавна администрација за добивање на позитивно мислење.

Бр.17-690/4Совет на ОпштинаДемирХисар
27.07.2026 година Претседател
Демир Хисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

***за објавување на Одлуката за давање* согласност на Годишниот план за вработување за 2027 година на Дом на културата „Илинден" Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за давање согласност на Годишен план за вработување за 2027 година на Дом на култура „Илинден" Демир Хисар, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.07.2026 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-721/3 Општина Деми Хисар**
**29.07.2026 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа член 20 б став 1 алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и Службен весник на РСМ бр. 143/19,14/20 и 208/24 ), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 27.07.2026 година донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2027 година на Дом на културата „Илинден" Демир Хисар**

Член 1

Советот на Општина Демир Хисар дава Согласност на Годишниот план за вработување за 2027 година на Дом на културата „Илинден" Демир Хисар со архивски број 01-47/1 од 16.07.2026 година, усвоен од УО на Дом на културата „Илинден" Демир Хисар со одлука бр.02-48/2 од 16.07.2026 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Годишниот план за вработување за 2027 година на Дом на културата „Илинден" Демир Хисар со архивски број 01-47/1 од 16.07.2026 година.

Член 3

Оваа Одлука се доставува до Министерството за јавна администрација и Министерство за култура и туризам заради добивање позитивно мислење.

Член 4

Одлуката стапува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-690/5Совет на ОпштинаДемир Хисар
27.07.2026година Претседател
Демир Хисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

***за објавување на Одлуката за одобрување финансиска поддршка за организација на музичката манифестација „Рок Хепенинг” во Демир Хисар***

1.Ја објавувам Одлуката за одобрување финансиска поддршка за организација на музичка манифестација „Рок Хепенинг“ во Демир Хисар, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.07.2026 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-721/4 Општина Деми Хисар**
**29.07.2026 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ” бр.202/24), член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на општина Демир Хисар” бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 27.07.2026 година, ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
**за одобрување финансиска поддршка за организација на музичката манифестација „Рок Хепенинг” во Демир Хисар**

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од 150.000,$_{00}$ денари како финансиска поддршка за организација на музичката манифестација „Рок Хепенинг” во Демир Хисар.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука се обезбедени од Буџет на Општина Демир Хисар за 2026 година и истите ќе се исплатат на сметка на Дом на културата „Илинден” Демир Хисар.

Член 3

Дом на културата „Илинден" Демир Хисар поднесе барање за финансиска поддршка за организација и достојно одбележување на 11-тото издание на музичката манифестација „Рок Хепенинг" во Демир Хисар заведено во архива на Општина Демир Хисар со број 17-691/1 од 17.07.2026 година.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар

Бр.17-690/6Совет наОпштинаДемир Хисар
27.07.2026 година Претседател
Демир Хисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), а во согласност со член 118 став 5 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25, 250/25 и 111/26), Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За престанок на мандатот на вршител на должноста директорот на ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар, Општина Демир Хисар**

1.На Аце Јанкуловски на 30.06.2026 година му престанува мандатот на вршител на должноста директор на ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар, поради истек на мандатот.

2.Со влегувањето во сила на ова Решение, престанува со важност Решението за именување на вршител на должноста директор на ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар, бр.08-1267/1 од 31.12.2026 година, во кое е наведено дека мандатот започнува на 01.01.2026 година.

3.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар".

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Аце Јанкуловски од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар со Решение за именување на вршител на должноста директор бр.08-1267/1 од 31.12.2026 година, беше именуван за вршител на должноста директор на ООУ„Гоце Делчев" Демир Хисар, во кое е наведено дека мандатот започнува на 01.01.2026 година.

Со оглед на тоа дека вршителот на должноста директор ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување, Градоначалникот на Општина Демир Хисар одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**08-600/1 Општина Демир Хисар**
**30.06.2026 Градоначалник,**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во согласност со член 118 став 1 и 5 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25, 250/25 и 111/26), Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на вршител на должноста директор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар**

1.Никола Костовски, вработен во ООУ ,,Гоце Делчев“ Демир Хисар, се именува за вршител на должноста директор на гореспоменатото училиште со мандат кој започнува на 01.07.2026 година.

2.Вршителот на должноста ќе ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на именувањето.

3.Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

Градоначалникот на Општина Демир Хисар со Решение за разрешување со на вршител на должноста директор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар со архивски број 08-600/1 од 30.06.2026 година го разреши постојниот вршител на должноста директор на училиштето.

Согласно член 118 став 1 од Законот за основното образование, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од приемот на Решението.

08-606/1
01.07.2026 **Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и Службен весник на Република северна Македонија бр.202/24), а во согласност со член 118 став 1 и 5 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25, 250/25 и 111/26), Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За престанок на мандатот на вршител на должноста директорот на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар, Општина Демир Хисар**

1.На Никола Костовски на 02.07.2026 година му престанува мандатот на вршител на должноста директор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар, на негово барање.

2.Со влегувањето во сила на ова Решение, престанува со важност Решението за именување на вршител на должноста директор

на ООУ ,,Гоце Делчев“ Демир Хисар, бр.08-606/1 од 01.07.2026 година.

3.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Никола Костовски од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар со Решение за именување на вршител на должноста директор бр.08-606/1 од 01.07.2026 година, беше именуван за вршител на должноста директор на ООУ„Гоце Делчев“, Демир Хисар, во кое е наведено дека вд мандатот започнал на 01.07.2026 година.

Со оглед на тоа дека именуваниот поднесе неоповиклива оставка од функцијата вршител на должноста директор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар, архивирана во Општина Демир Хисар со бр.08-621/1 на 02.07.2026 година, Градоначалникот на Општина Демир Хисар одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од приемот на Решението.

бр.08-622/1

02.07.2026 **Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и Службен весник на Република северна Македонија бр.202/24), а во согласност со член 118 став 1 и 5 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25, 250/25 и 111/26), Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на вршител на должноста директор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар**

1.Аце Јанкуловски, вработен во ООУ ,,Гоце Делчев“ Демир Хисар, се именува за вршител на должноста директор на гореспоменатото училиште со мандат кој започнува на 03.07.2026 година.

2.Вршителот на должноста ќе ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на именувањето.

3.Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

Градоначалникот на Општина Демир Хисар со Решение за престанок на манадатот бр.08-622/1 од 02.07.2026 година, го разреши вршителот на должноста директор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар, кој поднесе неоповиклива оставка.

Согласно член 118 став 1 од Законот за основното образование,

Градоначалникот одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Бр.08-629/1
03.07.2026 **Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) а во согласност со член 126 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 09.07.2026 година донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за разрешување на вршител на должноста директор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ,,Втори септември“ Демир Хисар**

1. Со оваа Решение се разрешува Андријана Цветкоска од должноста вршител на должноста директор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ,,Втори септември“ Демир Хисар, поради истек на мандатот.
2. Решението влегува во сила на 09.07.2026 година.
3. Со влегувањето на сила на ова Решение престанува со важност Решението за именување на вршител на должноста директор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ,,Втори септември“ Демир Хисар бр.08-13/1 од 08.01.2026 година, во кое е наведено дека мандатот на ВД директорот започнува на 09.01.2026 година.
4. Решението влегува во сила со денот на нејзиното донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 08.01.2026 година донесе Решение со број 08-13/1, за именување на Андријана Цветкоска за вршител на должноста директор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ,,Втори септември“ Демир Хисар.

Со оглед на тоа дека мандатот започна на 09.01.2026 година со времетраење од шест месеци од денот на именувањето, се констатира дека мандатот е истечен и се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Незадоволната страна има право на жалба до државната

комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението.

Доставено до:
-Именуваната
-Јавна општинска установа за деца-Детска градинка ,,Втори септември" Демир Хисар,
-Архива на Општина Демир Хисар

08-652/1

09.07.2026 **Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) а во согласност со член 126 и 127а од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 10.07.2026 година донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за именување на вршител на должноста директор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ,,Втори септември" Демир Хисар**

1. Со оваа Решение се именува Андријана Цветкоска за вршител на должноста директор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ,,Втори септември" Демир Хисар.
2. Мандатот на вршителот на должноста започнува на ден 10.07.2026 година и именуваната ќе ги врши работите на директор до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на именувањето.
3. Решението влегува во сила на 10.07.2026 година а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар".
4.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 09.07.2026 година, донесе Решение за разрешување на вршител на должноста директор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ,,Втори септември" Демир Хисар, со број 08-652/1, кое влегува во сила на 09.07.2026 година.

Со оглед на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Незадоволната страна има право на жалба до државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението.

Доставено до:
-Именуваниот,

-Јавна општинска установа за деца-Детска градинка ,,Втори септември“ Демир Хисар,
-Архива на Општина Демир Хисар

08-659/1
10.07.2026

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 23 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/1996, 06/02, 40/03,49/06,22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на директорот на Јавнотото комунално претпријатие „Комуналец“ Демир Хисар**

1.Се разрешува Гоце Мицковски од директор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар на ден 26.07.2026 година, поради истекување на четиригодишниот мандат како директор на ЈКП.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Гоце Мицковски со Решение бр.08-954/1 од 25.07.2022 година е избран за директор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар со мандат од 4 (четири) години, кој започнал на 26.07.2022 година.

Со оглед на тоа дека на 26.07.2026 година мандатот истекува, Градоначалникот на Општина Демир Хисар одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: против ова Решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Доставено до:
- Именуваниот
-Архивата на Општина Демир Хисар
-Архивата на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар

08-706/1
24.07.2026

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 19-а и член 23 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на Директор на ЈКП Комуналец Демир Хисар**

1. За Директор на ЈКП Комуналец Демир Хисар се именува **Гоце Мицковски**, дипломиран економист од с.Сопотница, Демир Хисар.
2. Функцијата директор избраното лице ќе ја извршува со мандат од 4 (четири) години почнувајќи од 27.07.2026 година.
3. Со избраниот кандидат ќе се склучи Договор за уредување на правата, обврските, одговорностите и овластувањата на директорот во ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар.
4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар

***О б р а з л о ж е н и е***

Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе одлука за распишување на јавен конкурс за избор на Директор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар број 08-419/1 од 27.04.2026 година. Јавниот конкурс со деловоден број 08-419/3 од 28.04.2026 година беше објавен во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха на ден 30.04.2026 година. По завршувањето на предвидениот рок за пријавување на јавниот конкурс, комисијата за спроведување на Јавен конкурс за избор на директор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар формирана со решение број 08-

419/2 од 27.04.2026 година, ги разгледа поднесените пријави и состави Записник број 08-419/6 од 21.05.2026 година. На конкурсот беше пријавен само еден кандидат и истиот достави уредна документација.

Комисијата целокупната документација доставена од пријавениот кандидат и Записникот го предаде на Градоначалникот за понатамошно постапување.

Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 04.06.2026 година во просториите на Општина Демир Хисар спроведе интервју со пријавениот кандидат и состави записник број 08-419/8 од 04.06.2026 година.

Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 05.06.2026 година, донесе Одлука за избор на директор на ЈКП Комуналец Демир Хисар со бр.08-419/9.

По конечноста на одлуката Градоначалникот одлучи како во диспозотивот на ова решение.

Доставено до:

- Именуваниот
- ЈКП Комуналец Демир Хисар
- Списите од предметот
- Архива на Општина Демир Хисар

**08-578/1**

**22.06.2026**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

-------------------------------------------------

1.Одлука за издавање под закуп на недвижен имот-индивидуален стамбен објет во с.Зашле сопственост на Општина Демир Хисар----------------1-2

2.Одлука за давање согласност Годишен план за вработување за 2027 година на Општина Демир Хисар---2-3

3.Одлука за давање согласност Годишен план за вработување за 2027 година на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар-----------------------3-4

4.Одлука за одобрување финансиска поддршка за организација на музичка манифестација „Рок Хепенинг“ во Демир Хисар---------------------------4-5

5.Решение за престанок на мандат на вд директор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар-------------------------------------5

6.Решение за именување вд директор на ООУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар-----6.

7.Решение за престанок на мандат на вд директор на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар-------------------------------------6-7

8.Решение за именување вд директор на ООУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар—7-8

9.Решение за разрешување вд директор на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар-------------------------------------8-9

10.Решение за именување вд директор на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар--------------------------------9-10

11.Решение за разрешување на директор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар-----------------------------------10

12.Решение за именување вд директор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар--11-12

**Издава**

**Општина Демир Хисар**
**ул.Битолска бр.8**
**тел.047 552 661, 076 359 831**